Република Северна **МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ВИНИЦА**
ул. Бел Камен бр.13 - Виница 2310
Тел. 033 361 945
ovinica@t.mk www.vinica.gov.mk

ВИНИЦА

**REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA**
**MUNICIPALITY VINICA**
Str. Bel Kamen br.13 - Vinica 2310
Phone. +389 (0) 33 361 945
ovinica@t.mk www.vinica.gov.mk

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник
Бр 11-137/4
03.07 2023 год
ВИНИЦА

Врз основа на член 27 став 5 и член 50 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл.весник на РСМ" бр. 32/20 год.) Градоначалникот на општина Виница, објавува

С О О П Ш Т Е Н И Е

Се организира Јавна презентација и Јавна анкета на Нацрт- **Детален урбанистички план Блок 8 дел 1 и 2, Општина Виница.**

Според определбите во постојниот ГУП, планскиот опфат кој е предмет на изработка на овој Детален урбанистички план е Блок 8 и тоа дел 1 и 2, во град Виница. Планскиот опфат е помеѓу:ул.Илинденска, ул.Браќа Миладиновци, ул. Димитар Влахов, новопланирана ул. 2005, ул. Кочо Рацин, ул.Пролетерска, дел од ул.Плачковички одред и новопланирана ул.2005 – Општина Виница, плански период 2021-2026.

Вкупната површина на планскиот опфат изнесува 15,85 ха.

Според определбите во постојниот ГУП, планскиот опфат које предмет на изработка на овој Детален урбанистички план е БЛОК 8 и тоа дел 1 и 2, во град Виница.Со предметниот ДУП и веќе изработениот ДУП за Блок 8 дел 3, се комплетира Блок 8 како целина.

Во важечкиот ГУП за град Виница, предметниот плански опфат ги опфаќа деловите 1 и 2 од Блок 8,во кои се предвидени следниве класи на намени:

- А – домување, А1, А2, А3
- В - јавни институции, В1, В4, В5
- Д – зеленило и рекреација, Д1 и Д3
- Е – инфраструктура, Е1 и Е2

Нацрт –планот ќе биде изложен на:

- Излогот на Интернет клуб на Општина Виница, ул.Маршал Тито бр.13 и Огласната табла пред Општина Виница – Бел Камен бр.13 Виница.
- Времето на излагање на планот ќе трае 30 дена со почеток од 19.07.2023 год. до 17.08.2023 год.Во определениот рок заинтересираните правни и физички лица своите забелешки, предлози и мислења можат да ги донесат на посебни анкетни листови (можат да добијат во Општински центар за услуги при општина Виница) и во елелтронска форма преку информацискиот систем е- урбанизам.За повеќе информации сите лица можат да се обратат во Одделението за урбанизам во просториите на Општина Виница.

Јавната презентација на Предлог планот ќе се одржи на ден **28.07.2023** год. со почеток во 12:30 часот во Салата за состаноци на четврти кат во зградата на Општина Виница.

ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Миле Петков

---------------------

Република Северна Македонија
Градоначалник
Општина Виница